**ЗАПИСНИК**
**од 2–та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 28.01.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скрелев Чакар, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Цветанка Митревска, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Фетаи најави дека под Точката Разно сака да даде една негова дискусија во поглед на примената на Законот за јазиците. Објасни дека не е предлог да се стави сега како точка на Дневен ред, туку ќе предложи тоа да биде на наредната седница.

Г-дин Петрушевски рече дека досега секогаш излегувале во пресрет на секој член на Советот и така ќе биде и овој пат.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од прво продолжение на 47-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 12.01.2021 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.01.2021 година.
3. Разгледување на кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 01 октомври до 31 декември 2020 година.

4. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на РА Свети Николе.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка: Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици.
6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: Софтвер за заштита на персоналните компјутери.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Ревизорски услуги.
8. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Авио билети.
9. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Финансиско – осигурителни услуги.
10. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка: услуга од приватна агенција за вработување.
11. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од првото продолжение на 47-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 12.01.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.01.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Петрушевски во врска со кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 01 октомври до 31 декември 2020 година, објасни дека Советот по нив не гласа, но има право да дискутира. Додаде дека службата вложила напори и изработила детален извештај и отвори дискусија за последниот квартал за работата на Агенцијата.

Г-дин Фиданоски објасни дека извештаите ги разгледал и дека во однос на содржината ќе апострофира две работи. Во врска со првата работа објасни дека ако добро се сеќава на една од седниците на барање на г-дин Трајчев беше прифатено да се унифицираат образложенијата за одбивање на барањата за објавување јавен конкурс за ТВ 24 Вести и ТВ Клан. Во кварталниот извештајот тоа не е сторено. За вториот момент

рече дека во активностите што се наведени, не може точно да потенцира на која страна се наоѓаат, но стои неговото име дека учествувал на вебинарот за новата аудиовизуелна директива. Потврди дека тоа е точно, се приклучил, меѓутоа во првата четвртина од настанот заради лични итни обврски морал да се исклучи. Практично не го следел и не бил присутен на тој вебинар и не би можел да каже нешто поконкретно за тоа што се дискутирало. Не сака да биде сфатен дека е претенциозен кон себе, но во делот што се однесува за соработката на АВМУ, Советот за етика и Народниот правобранител, рече дека бил замолен од колегите на СЕМ и во таа насока напишал еден осврт за оваа соработка, негово видување, кое е објавен на страницата на Советот за етика.

Г-дин Трајчевски во однос на неусогласеноста на образложенијата за одбивање на барањата за објавување јавен конкурс за ТВ 24 Вести и ТВ Клан објасни дека седницата беше одржана на 12 јануари додека Кварталните извештаи беа подготвени и заверени пред започнување на таа седница и затоа е така забележано. Но, се согласи дека забелешката е во ред и дека ќе се коригираат образложенијата согласно насоките дадени на седницата која се одржа на 12 јануари оваа година.

Г-дин Ајдини рече дека ќе се надоврзе на иницијативата која произлезе од Советот дека е потребно континуирано да се следи работата на Агенцијата преку кварталните извештаи. Посочи дека тоа се покажа мошне ефикасно и од нив може да се заклучи дека Агенцијата многу професионално си ја врши својата работа. Се заблагодари на вработените во Агенцијата и рече дека ја цени нивната работа, особено во овие така наречено вонредни услови. Во нив е детално опишано што сè е сработено во изминатите три месеци така да и понатаму треба континуирано да се продолжи таа соработка помеѓу Советот и вработените во Агенцијата.

Г-дин Петрушевски се согласи дека навистина вработените се на прво место, директорот на второ и Советот рече дека намерно ќе го стави на трето место. Навистина рече дека соработката е добра, не секогаш се согласуваат, што е добро, ниту во Советот ни на претходните седници, но во принцип секогаш изнаоѓаат начин да изнајдат разумно решение. Во однос на последниот квартал за работата на Агенцијата истакна три работи од извештајот. Објасни дека за некои ќе се повтори во искажувањето. Прво е дека во овој квартал три мали локални телевизии, ТВ Канал Визија, ТВ Морис и ТВ Аниса од Пласница прекинаа со работа што го оцени како очекувано на еден начин односно како последица од влошената економска состојба заради пандемијата со Ковид-19 и се забележува дека полека континуирано секоја година по неколку медиуми згаснуваат. Во врска со вториот момент рече дека повторно, по не знае кој пат, ќе ги потенцира активностите на Агенцијата за промовирање и зајакнување на медиумската писменост. Очигледно е дека и во овој квартал имаше многу активности, и како и многу пати досега што кажал даваат целосна поддршка. За третата работа рече, видно е дека многу од вработените активно учествуваат во процесот на европската интеграција на нашата држава што исто така е за пофалба. Континуирано помагаат било која Влада да е или било кој министер. На крајот додаде дека дискусијата на г-ди Ајдини целосно ја поддржува и се согласува со него дека извештајот е навистина добро направен и професионално. Овие четири извештаи кои произлегуваат од работата во текот на годината се добра основа за годишниот извештај. Информира дека на 18.01.2021 година бидејќи директорот бил спречен поради други обврски, тој бил

присутен на седницата на Комисија за транспорт и врски каде се разгледуваше Годишниот извештај за работата на Агенцијата за 2019 година и каде што од повеќето пратеници беа искажани пофални зборови за квалиетот и обемноста на извештајот од 270 страни за таа година, што е добро за сите. Овие квартални извештаи помагаат за да на крајот се добие еден солиден Годишен извештај каде е тешко некој да најде замерка дека Советот и Агенцијата работат непрофесионално и некои други критики упатени до нив.

Г-дин Фиданоски се заблагодари на објаснувањето од директорот г-дин Трајчевски за неговата конкретна сугестија за која смета дека службата поради многуте обврски и поради кусиот рок не стасала да ја направи корекцијата, но сигурен е дека тоа ќе биде направено. Во врска со дискусијата околу тоа како сработила Агенцијата, рече дека не се ни сомневал во тоа и затоа не го апострофирал. И во услови на пандемија минатата година Советот и Агенцијата ги остварија зацртаните цели што беа ставени во Програмата за работа и претпоставува ако не 100% но најголемиот дел од нив се реализирани. Дополнително и тоа што не било зацртано, а излегло како ад хок, ургентна ситуација, е направено и реализирано. Тоа покажува дека Агенцијата како регулатор си ја врши својата работа, коректно, исполнително, така како што треба и како што доликува на едно регулаторно тело. Го замоли г-дин Трајчевски ако е во можност во неколку збора иако им се јасни работите но заради јавност на седницата да ги објасни расходите и приходите, затоа што видел дека има намалени расходи но има и намалени приходи. За расходите не се сомнева дека тоа е добра работа, заштедени се дел од трошоците кои не се реализирани. Но за приходите кои исто така се намалени побара објаснување.

Г-дин Трајчевски во врска со приходите на Агенцијата во овој квартал објасни дека во последните три месеци беа само приходи од префрлените средства од страна на Министерство за информатичко општество и администрација, бидејќи другите приходи од 90% Агенцијата ги добива во месец февруари кога се наплаќаат фактурите за годишен надоместок кои претходно се издадени во јануари. Тие се наплаќаат после 15 февруари до 16 март, во зависност од датумот на прием на фактурата кај радиодифузерите. Само на два големи национални радиодифузери ТВ Шења и ТВ 21 им се издаваат фактури надвор од овој период и неколку локални и регионални телевизии ТВ Ирис, ТВ Вис, ТВ Стар, ТВМ од Охрид и ТВ Тера. Зато приходите во овој квартал се многу мали, но затоа во првиот квартал од годината приходите се 90% што ги остварува Агенцијата. Во овој последен квартал за два месеци има по 6 милиони денари од МИОА, а во декември се намалија за 50% и добиени се само 3 милиони. Остатокот од 631 илјада се мал дел од радиодифузна такса што се уплаќа и транзитни фактури што плаќа Агенцијата за млади и спорт и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје (претходно ПУИК), што на сметка на  Агенцијата и плаќаат струја и вода. Посочи дека најважната слика за финансикото работење се гледа кај расходите дека Агенцијата има планирано 243 милиони денари а се реализирале 192 милиони денари, значи има разликата која ќе остане на крај што се јавува како приход и се префрла за наредната година.

Точка 4

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на РА Свети Николе. Објасни дека Агенцијата многу одамна, пред неколку години имаше иницирано барање до овој радиодифузер и до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување да излезе од сопственичката структура и да има друг сопственик согласно ЗААВМУ. Тие еднаш или два пати поднесоа барање меѓутоа не беше во согласност со Законот и Агенцијата не го одобри. Во овој случај сега има физичко лице кое ќе влезе на местото на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување кое сега има 11.66% во основната главнина.

Г-дин Трајчев праша со оглед на тоа што се работи за државен орган, дали Советот дава само одобрение за промена на сопственичка структура или пак навлегува во основот, начинот, формата затоа што во материјалите тоа не го видел. Претпостави дека дава само одобрение, а не навлегува во начинот како ќе се изведе цела таа процедура.

Г-дин Трајчевски објасни дека одобрението што го дава Советот за промена на сопственичка структура кажува дека нема судир односно нема спротивности со ЗААВМУ. Начинот на кој тоа ќе го реализираат, односно самата финансиска трансакција и самиот договор си носат одговорност физичкото лице кое го откупува уделот и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување кое во овој случај е државна институција и која врши продажба на акциите на овој локален радиодифузер. Советот никогаш не навлегува во трансакцијата, во веродостојноста на финансиската понуда односно цената, за тоа има други институции во државата кои ќе проверат дали има сомневање за некакви незаконитости.

Г-дин Петрушевски рече во текстот на Законот точно гласи дека Советот на Агенцијата дозволува промена, тоа е конкретниот збор, а не е одобрува но смета дека тоа е исто, тоа се синоними.

Советот на Агенцијата едногласно донесе одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложените промени во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) и тие не се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од овој Закон.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Трајчевски, процедурално, рече дека сега Советот дозволи промена на сопственичка структура. Новиот сопственик ќе треба тоа правно да го регулира со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и да се впише во Централен регистар. Ако тоа не го направи во разумен рок, ќе се опоменат, ќе им се укаже дека тоа треба да го направат, во спротивно, Советот и порано носел одлуки дека ја поништува одлуката со која се дозволува

промена. Се надева дека во овој случај нема да има такво нешто, но сите понатамошни активности може да бидат преземени откако Советот ќе дозволи да се изврши ваква промена.

Г-дин Трајчев процедурално, рече дека прашањето повеќе му било во насока бидејќи станува збор за државен орган и веројатно треба да има некоја постапка, лицитација. Тоа значи дека може било кој да се јави, може и некој друг да добие такво право, а таа постапка тие како Совет да ја одобрат или не само за тоа дали се создава недозволена медиумска концентрација. Таа процедура или ја спровеле претходно, а сега бараат одобрение или во текот на таа постапка може ќе се јави некој друг кој што ќе го побара истото тоа да даде Советот одобрение или да не даде, но секако тоа е работа која што други органи ја спроведуваат, тие сега само за ова конкретно барање даваат односно утврдуваат и потврдуваат, даваат право затоа што нема таква медиумска концентрација а другите работи се надлежност на органот кој што ја спроведува промената и продажбата и треба да се почитуваат тие закони. Практично ако има лицитација или купување секој има право да учествува согласно позитивните законски прописи. Веројатно и директорот мислел на истото.

Г-дин Петрушевски рече дека мнозински сопственик скоро 90% е локален универзитет, така што тие со Фондот ќе ја спроведат постапката, а Советот не учествува во тоа, важно е да се реши проблемот.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи редлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка: Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици. Објасни дека целта на набавката согласно член 6 од ЗААВМУ, е дека Агенцијата има обврска да врши мерење на гледаноста и слушаноста на локалните, регионалните и националните радија а за телевизиите, локални, регионални, сателитски и кабелски. За останатите телевизии кои влегуваат во мерење за Комитетот на индустријата и кој што ги мери AGB NIELSEN тоа е преку подзаконскиот акт упатството и за нив мерење врши AGB NIELSEN согласно овој Закон. Секоја година се објавува ваква јавна набавка бидејќи треба да има резултати уште за првиот квартал и се надева како и секоја година до сега дека ќе има заинтересирани компании да се јават и да можат да ја реализираат оваа услуга.

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска објасни дека набавката е предвидена во Годишниот план за јавни набавки а средствата се обезбедени во финансискиот план. Набавката ќе се спроведе како поедноставена отворена постапка и ќе заврши со спроведување на електронска аукција. Сите потребни податоци за набавката се доставени во материјалите.

Г-дин Петрушевски рече дека забележал дека се работи за 4 анализи, 4 мерења на гледаност за секој квартал и за секоја анализа треба да има минимум 2400 испитаници што е добар податок.

Раководителката Митревска потврди дека станува збор за 4 кавартални извештаи и еден вкупен кој треба да се достави на крајот од кога ќе помине периодот за кој што ќе се склучи договорот. Договорот се склучува за период од 1 година.

Г-дин Фиданоски рече дека ова е една од обврските на Агенцијата и до сега добро се одвивала оваа набавка. Го поздрави тоа што видел дека последниот квартален извештај и годишниот извештај за минатата година е направен од друга агенција во споредба со таа што претходно ги работеше извештаите. Ова според него е добро да видат и нов, можеби генерално начинот на обработка не може тој со критериуми и параметри е лимитиран, но да се види нов начин на презентација на добиените резултати.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка: Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година.

**Точка 6**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска објасни дека спроведувањето на постапка за јавна набавка-стока: Софтвер за заштита на персоналните компјутери, е набавка од мала вредност. Таа е потребна за да се обезбеди заштита на персоналните компјутери со анти вирус софтвер и треба да се набават 60 лиценци со време траење од минимум 24 месеци. Конкретни податоци за оваа набавка се наведени во техничката спецификација и таа ќе се спроведе како набавка од мала вредност со користење на електронска аукција.

Г-дин Петрушевски рече дека вредноста е мала но важна е набавката. Во ова модерно време лесно може да се зарази софтверот. Не е проблем да се расипе оперативниот систем, проблемот настанува ако се изгубат податоците или некој ги украде. Сега анти вирусите се евтини и според него ова е добра набавка.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-стока: Софтвер за заштита на персоналните компјутери.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-стока: Софтвер за заштита на персоналните компјутери е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година.

**Точка 7**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Ревизорски услуги, објасни дека стандардно покрај државниот завод за ревизија Агенцијата за да добие дупла сигурност ангажира и приватна фирма да направи дополнителна ревизија. Таа секогаш помага и дава добри совети за нешто ако е згрешено во работењето.

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска објасни дека спроведувањето на оваа набавка произлегува од член 8 од ЗААВМУ каде што Агенцијата е обврзана до Собрание да достави ревизорски извештај од независен меѓународен овластен ревизор. Ова е набавка од мала вредност која е стандардна и се спроведува секоја година и истата ќе заврши со електронска аукција. Сите потребни податоци се содржани во материјалите. Ќе се спроведе во најкус можен рок за да се добие носител на набавката кој е битен во функција на спроведување на завршната сметка.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Ревизорски услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Ревизорски услуги е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година.

**Точка 8**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Авио билети. Објасни дека набавката е предвидена во Годишниот план за јавни набавки и како период на започнување на набавката е месец јануари. Имајќи ја предвид сегашната ситуација со вирусот ќе се види колку од тоа ќе се реализира. Како и досега во тендерската документација ќе се наведе дека Агенцијата ќе нема обврска да ги искористи средствата кои се предвидени. Според проценетиот износ ќе се спроведе како поедноставена отворена постапка која ќе заврши со електронска аукција.

Г-дин Петрушевски рече дека до летото не очекува да се реши проблемот со пандемијата, така што ќе останат средства за префрлање во други ставки.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Авио билети.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Авио билети е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година.

Точка 9

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Финансиско – осигурителни услуги. Објасни дека оваа набавка се спроведува со цел да се обезбеди осигурување на недвижностите, движните ствари и опремата на Агенцијата со која што би се обезбедила надоместок на штетата при евентуално уништување на овие ствари. Од таа причина е потребно да се обезбеди осигурителна компанија која ќе ја пружи оваа услуга и е од голема важност за Агенцијата. Укажа дека во техничката спецификација не се наведени вредностите на стварите кои се предмет на осигурување од причина што пописот на стварите е се уште во тек. Кога пописот ќе заврши и кога ќе се имаат вредностите на сите ствари што се наведени ќе се внесат во техничката спецификација и тогаш истата ќе биде објавена како постапка. Набавката ќе се спроведе како набавка од мала вредност согласно средствата кои се предвидени за оваа набавка и ќе заврши со електронска аукција.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Финансиско–осигурителни услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Финансиско – осигурителни услуги е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година.

Точка 10

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка: услуга од приватна агенција за вработување. Објасни дека оваа услуга Агенцијата би ја користела кога би се наметнала потреба за ангажирање на надворешни соработници. Ова е набавка која се спроведува секоја година. Според предвидените средства за оваа набавка ќе се спроведе како отворена постапка која ќе заврши со електронска аукција. Согласно праксата од изминатите години секогаш предвидените средства не се искористува во целост.

Г-дин Трајчевски објасни дека дел од оваа набавка како и досега ќе биде финансирана од Министерството за финансии со оглед на тоа дека оваа година, есента, ќе има локални избори.

Г-дин Петрушевски рече дека обично тие средства се неколку милиони денари, не се сеќава точно но околу 4-5 милиони денари во зависност од тоа колку надворешни соработници има потреба да се ангажираат или колку министерството ќе даде и колку Агенцијата ќе побара.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка: услуга од приватна агенција за вработување.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: услуга од приватна агенција за вработување е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година.

**Точка 11**

**Разно**

Г-дин Фетаи побара на следната седница во Дневен ред да влезе како точка еден вид анализа или осврт во поглед на тоа што е направено до сега и што уште остана во смисла на имплементација на Законот за употреба на јазиците со оглед на тоа дека Агенцијата има Сектор за правни работи. Особено во поглед на имплементација на законските обврски кои произлегуваат од член 1 став 3, член 2 став 3, член 3, член 6 став 3 и 4 на Законот. Во смисла до каде е Агенцијата со тоа, што планира, што реализирала и што ќе направи. Со други зборови една дискусија околу тоа. И во поглед на можноста, со директорот разговарал на таа тема, доколку недостасува капацитет за човек кој би требало да го реализира тоа, можност за распишување на конкурс за вработување на еден професионален преведувач кој ќе ги завршува овие технички и административни работи. Тоа му била идејата на идната седница да има еден разговор малку посериозен во оваа смисла.

Г-дин Ајдини рече кога г-дин Фетаи зема збор за дискусија не преостанува никакво место за дополнување. Објасни дека го поддржува неговиот предлог, идната седница тоа да се стави во дневен ред.

Г-дин Петрушевски рече дека се согласува, дека барањето е локално за во Агенцијата.

Г-дин Трајчевски рече дека следната недела доколку има седница нема да може да се предложи затоа што е потребно малку повеќе време за изработка, но по 8 февруари, ќе може секторот да подготви еден ваков извештај.

Г-дин Фетаи рече дека се согласува, и дека е важно ова да се има предвид како идеја и како работа за да и се посвети повеќе време на оваа законска обврска.

**Бр. 02-308/9**
**02-02-2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**